**ЗАПИСНИК**
**од 14-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги одржана на 03.05.2023 година**

**Присутни членови на Советот на Агенцијата:** Лазо Петрушевски претседател на Советот на АААМУ, Селвер Ајдини заменик на претседател на Советот на АААМУ, м-р Алма Машовиќ, д-р Методија Јанчески, Лазар Трајчев, Зоран Фиданоски.

**Отсутни членови на Советот на Агенцијата: /**

**На седницата беше присутен д-р Зоран Трајчевски директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.**

**Присутни од Стручната служба:** м-р Емилија Јаневска, Цветанка Митревска, м-р Магдалена Давидовска Довлева, Горан Радуновиќ, Маја Дамевска.

**Други присутни: /**

Г-дин Петрушевски ја отвори 14-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Седницата започна во 14:30 часот и се одржа во просториите на Агенцијата, конференциска сала, втори кат.

Советот на Агенцијата едногласно го усвои следниот:

## ДНЕВЕН РЕД

1. Усвојување на Предлог-записник од 13-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 10.04.2023 година.
2. Разгледување на Кварталните извештаи за работата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за периодот од 1 јануари до 31 март 2023 година.
3. Предлог за изрекување мерка јавна опомена на ТРД КЛАН МАЦЕДОНИА ДООЕЛ експорт-импорт Сарај Скопје за прекршување на член 92 ставови 1 и 3 од ЗААВМУ.
4. Предлог за поведување прекршочна постапка на ТРД Т.В. КАЛТРИНА Мазар Татеши, Струга ДООЕЛ за прекршување на член 92 став 1 од ЗААВМУ.
5. Предлог-одлука за промена на сопственичката структура на ТРД ТВ ШУТЕЛ од Скопје.
6. Предлог-одлука за промена на сопственичката структура на ТРД УРБАН ФМ РАДИО од Скопје.
7. Предлог за давање одобрување за спроведување на постапка за јавна набавка - услуга: Лиценца за Firewall.
8. Предлог за давање одобрување за спроведување на постапка за јавна набавка - стока: Потрошен и ситен информатички материјал и алат.

9. Предлог за давање одобрување за спроведување на постапка за јавна набавка - услуга: Изнајмено печатење.

10. Предлог за давање одобрување за донесување на одлука за набавка на услуга: Градежни - занатски работи за санација во објектот, со проценета вредност под вредносните прагови за примена на Законот за јавните набавки.

11. Разно.

**Точка 1**

Советот на Агенцијата го разгледа и едногласно го усвои Записникот од 13-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 10.04.2023 година, со текст како што беше предложен.

**Точка 2**

Г-дин Петрушевски во врска со Кварталните извештаи за работата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за периодот од 1 јануари до 31 март 2023 година, објасни дека Советот не гласа за нивно усвојување, но имаат можност да дискутираат по нивната содржина заради детално информирање во врска со работата на Агенцијата. За Извештајот од првото тромесечје рече дека ќе издвои три работи кои му оставиле посебен впечаток. Како прво рече дека во овој период навистина била обемна меѓународната активност на Агенцијата покрај стандардните активности. Исто така институцијата имала зголемена комуникација со јавноста во однос на соопштенија и осуди на неприфатливи настани за слободата на медиумите и ова го радува што е еднакво кон сите субјекти во државата. Третата работа што ја приметил е дека навистина Агенцијата има одлична и богата соработка и со другите институции во државата. Наведе дека забелешки нема, Извештајот е стандардно добар, а работата на Агенцијата ја оценува како многу добра во овој период.

Г-дин Ајдини рече дека Извештаите се стандардно добро изработени. Во нив се внесени сите активности што Агенцијата ги имала сработено во првите три месеци од годината. За дел од нив членовите на Советот се континуирано известувани, а за дел од нив активно биле вклучени при одлучувањето на седниците на Советот.

**Точка 3**

Раководителката на Секторот за програмски работи м-р Емилија Јаневска го образложи Предлогот за изрекување мерка јавна опомена на ТРД КЛАН МАЦЕДОНИА ДООЕЛ експорт-импорт Сарај Скопје за прекршување на член 92 ставови 1 и 3 од ЗААВМУ. Објасни дека со редовниот надзор реализиран на 2 март оваа година беше констатирано прекршување на обврската за емитување на македонски аудиовизуелни дела најмалку 30% на дневно ниво и половина од тие 30% да бидат емитувани во периодот од 7 до 19 часот. Кај радиодифузерот е констатирано дека наместо 30% емитувал 19.93% што е за 2 часа 9 минути и 42 секунди помалку програма изворно создадена како македонски аудиовизуелни дела. Исто така нема доволно исполнет процент во периодот од 7 до 19 часот односно во овој период емитувал 1 час 20 минути и 51 секунда помалку од потребниот минимум. Од овие причини согласно Законот се

предлага изрекување на мерка јавна опомена со рок на усогласување со Законот од 20 дена од денот на приемот на Решението, а потоа да се изврши контролен надзор за да се провери дали радиодифузерот се усогласил со законските обврски.

Советот на Агенцијата го разгледа Писмениот извештај за извршен редовен програмски надзор, бр.10-1389/1 од 27.03.2023 година и едногласно заклучи на ТРД КЛАН МАЦЕДОНИА ДООЕЛ експорт-импорт Сарај Скопје да му изрече мерка јавна опомена за прекршување на член 92 ставови 1 и 3 од ЗААВМУ затоа што на 2 март 2023 година, не емитуваше најмалку 30% програма изворно создадена како македонски аудиовизуелни дела, ниту пак најмалку половина од законскиот минимум изворно создадена програма како македонски аудиовизуелни дела, го емитуваше во периодот од 7,00 до 19,00 часот.

Во согласност со точката 6 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (Пречистен текст) бр.01-4139/1 од 07.11.2022 година, му се наложи во рок од 20 (дваесет) дена од денот на приемот на Решението да го усогласи своето работење со одредбите на членот 92 ставови 1 и 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Секторот за правни работи и јавни набавки да изготви Решение за изрекување мерка јавна опомена на наведениот радиодифузер.

Секторот за програмски работи по истекот на рокот определен во Решението за јавна опомена да изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот) постапил по изречената мерка (во целост, делумно или не постапил).

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното Решение да го објави на веб страницата на Агенцијата.

**Точка 4**

Раководителката Јаневска го образложи Предлогот за поведување прекршочна постапка на ТРД Т.В. КАЛТРИНА Мазар Татеши, Струга ДООЕЛ за прекршување на член 92 став 1 од ЗААВМУ. Објасни дека на 9 март оваа година на овој радиодифузер му беше изречена мерка јавна опомена за прекршување на член 92 став 1 од ЗААВМУ односно за обврската да емитува најмалку 30% македонски аудиовизуелни дела на дневно ниво. Со контролниот надзор реализиран на 11 април оваа година беше констатирано дека ТВ Калтрина не го отстранила прекршувањето. Наместо 30% со надзорот е констатирано 26.98% односно Телевизија Калтрина емитуваше за 30 минути и 20 секунди помалку програма изворно создадена како македонски аудиовизуелни дела. Согласно Законот се предлага да се поведе прекршочна постапка.

Г-дин Ајдини рече бидејќи се работи за прекршување, од материјалите се гледа дека не доставил изјаснување и праша дали можеби е контактирано со него?

Раководителката Јаневска објасни дека ова прекршување се провлекува од минатата година кога му се изрече мерка јавна опомена. Контролниот надзор се префрли за почетокот на оваа година, но бидејќи беше прв надзор во годината повторно му се изрече мерка јавна опомена наместо прекршочна. Со третиот надзор кој беше

контролен, повторно радиодифузерот не е усогласен со Законот. Наведе дека е контактирано со него но тој сѐ уште не е усогласен со член 92 став 1 од ЗААВМУ.

Советот на Агенцијата го разгледа Писмениот извештај за извршен контролен програмски надзор бр.10-1931/1 од 27.04.2023 година на ТРД Т.В. КАЛТРИНА Мазар Татеши, Струга ДООЕЛ и утврди прекршување на член 92 став 1 од ЗААВМУ.

Советот едногласно заклучи против ТРД Т.В. КАЛТРИНА Мазар Татеши, Струга ДООЕЛ да се покрене прекршочна постапка пред надлежниот суд бидејќи со контролниот надзор е констатирано дека на 11 април 2023 година, не емитуваше најмалку 30% програма изворно создадена како македонски аудиовизуелни дела.

Секторот за правни работи и јавни набавки да изготви Барање за поведување прекршочна постапка пред надлежниот суд за наведениот радиодифузер.

**Точка 5**

Раководителката на Секторот за стратешко планирање и авторски права м-р Магдалена Давидовска Довлева ја образложи Предлог-одлуката за промена на сопственичката структура на ТРД ТВ ШУТЕЛ. Објасни дека известувањето е уредно и комплетно. Станува збор за планирана промена која подразбира истапување на постојниот сопственик на телевизијата и пристапување на друго физичко лице. Секторот направи проверка во Централниот регистар на РСМ и утврди дека лицето кое треба да биде новиот сопственик се јавува како основач на едно трговско друштво кое што е регистрирано за дејност која не е во спротивност со дејностите наведени во ЗААВМУ. Бидејќи не постојат пречки согласно Законот се предлага да се дозволи планираната промена.

Советот на Агенцијата едногласно донесе Одлука со која се дозволува промена во сопственичката структура на Трговското друштво за радио-дифузна дејност ТВ ШУТЕЛ ДООЕЛ Скопје, со текст како што беше предложена одлуката.

Со предложените промени на сопственичката структура на Трговското друштво за радио-дифузна дејност ТВ ШУТЕЛ ДООЕЛ Скопје не се создава недозволена медиумска концентрација во смисла на ЗААВМУ, односно дека оваа промена не е спротивна на забраната од членовите 34, 35 став 2 и 38 од истиот Закон.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведената Одлука да ја објави на веб страницата на Агенцијата.

**Точка 6**

Раководителката на Секторот за стратешко планирање и авторски права м-р Магдалена Давидовска Довлева ја образложи Предлог-одлуката за промена на сопственичката структура на ТРД УРБАН ФМ РАДИО од Скопје. Наведе дека физичкото лице кое треба да биде новиот сопственик на оваа радиостаница се јавува како основач, управител, овластено лице на неколку други правни лица, но ниедно не врши дејност со која би се создала недозволена медиумска концентрација. Бидејќи нема законски пречки се предлага да се одобри планираната промена.

Советот на Агенцијата едногласно донесе Одлука со која се дозволува промена во сопственичката структура на Трговското радиодифузно друштво УРБАН ФМ РАДИО ДООЕЛ Скопје, со текст како што беше предложена одлуката.

Со предложените промени на сопственичката структура на Трговското радиодифузно друштво УРБАН ФМ РАДИО ДООЕЛ Скопје не се создава недозволена медиумска концентрација во смисла на ЗААВМУ, односно дека оваа промена не е спротивна на забраната од членовите 34, 35 став 2 и 38 од истиот Закон.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведената Одлука да ја објави на веб страницата на Агенцијата.

**Точка 7**

Раководителката на Секторот за правни работи и јавни набавки Цветанка Митревска го образложи Предлогот за давање одобрување за спроведување на постапка за јавна набавка-услуга: Лиценца за Firewall. Објасни дека според износот на проценетите средства ќе се спроведе како набавка од мала вредност што значи дека ќе се објави оглас само на електронскиот систем за јавни набавки. Наведе дека сите потребни податоци се наоѓаат во доставените материјали по точката.

Г-дин Петрушевски рече дека станува збор за техничка набавка за која има можност повеќе понудувачи да се јават. Уредот е еден и е неопходна набавка за да Агенцијата добие легална лиценца.

Советот на Агенцијата едногласно даде одобрување за спроведување на постапка за јавна набавка-услуга: Лиценца за Firewall.

Спроведувањето на постапката за јавна набавка за предметот-услуга: Лиценца за Firewall е предвидено и е во согласност со Годишниот план за јавни набавки за 2023 година на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги бр.05-4766/1 од 23.12.2022 година, а средствата се обезбедени со Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2023-та година.

**Точка 8**

Раководителката Митревска го образложи Предлогот за давање одобрување за спроведување на постапка за јавна набавка-стока: Потрошен и ситен информатички материјал и алат. Објасни дека ќе се спроведе како набавка од мала вредност а договорот кој ќе произлезе ќе биде за времетраење од 1 година. Наведе дека сите потребни податоци се наоѓаат во доставените материјали по точката.

Г-дин Петрушевски наведе дека од материјалите може да се констатира дека Агенцијата не е должна да ги потроши сите планирани средства туку по потреба.

Раководителката Митревска одговори дека набавката е поставена така што средствата ќе се трошат сукцесивно, односно онолку колку што има потреба Агенцијата од ситен информатички материјал и алат.

Советот на Агенцијата едногласно даде одобрување за спроведување на постапка за јавна набавка-стока: Потрошен и ситен информатички материјал и алат.

Спроведувањето на постапката за јавна набавка за предметот-стока: Потрошен и ситен информатички материјал и алат е предвидено и е во согласност со Годишниот план за јавни набавки за 2023 година на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги бр.05-4766/1 од 23.12.2022 година, а средствата се обезбедени со Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2023-та година.

**Точка 9**

Раководителката Митревска го образложи Предлогот за давање одобрување за спроведување на постапка за јавна набавка-услуга: Изнајмено печатење. Објасни дека според износот на средствата ќе се спроведе како поедноставена отворена постапка а договорот кој ќе произлезе ќе се склучи за временски период од 2 години. Огласот ќе биде објавен на електронскиот систем за јавни набавки и во Службен весник на РСМ. Комплетна документација и информации за оваа јавна набавка има во содржината на доставените материјали по точката.

Г-дин Петрушевски објасни дека ова е минимален рок за ваква набавка бидејќи за овој тип на набавки вообичаено се користи договор за период од 3 години за да има интерес тој што ќе понуди печатачи, односно бидејќи носи негова опрема да му биде исплатливо затоа што тие се амортизираат.

Советот на Агенцијата едногласно даде одобрување за спроведување на постапка за јавна набавка-услуга: Изнајмено печатење.

Спроведувањето на постапката за јавна набавка за предметот-услуга: Изнајмено печатење е предвидено и е во согласност со Годишниот план за јавни набавки за 2023 година на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги бр.05-4766/1 од 23.12.2022 година, а средствата се обезбедени со Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2023-та година, односно ќе бидат дообезбедени со Финансискиот план на Агенцијата за 2024 година.

**Точка 10**

Г-дин Трајчевски во врска со Предлогот за давање одобрување за донесување на одлука за набавка на услуга: Градежни-занатски работи за санација во објектот, со проценета вредност под вредносните прагови за примена на Законот за јавните набавки, објасни дека на одредени места на вториот кат и во гаражата каде се паркираат службените автомобили протекува атмосферска вода. Неколку пати вработените се обидоа да го санираат проблемот но бидејќи станува збор за поголем зафат потребна е стручна помош. Од таа причина потребно е да се избере фирма која ќе изврши градежни-занатски работи за санација во објектот.

Раководителката Митревска објасни дека станува збор за набавка со проценета вредност под вредносните прагови за примена на Законот за јавните набавки. Заради санација на одредени проблеми доставени се 3 понуди за набавка на услуга: Градежни-занатски работи а понудата која е избрана е економски најисплатлива за Агенцијата и е доставена на увид во материјалите. Иако Законот за јавни набавки не

предвидува обврска за да оваа набавка се спроведува на овој начин, сепак Агенцијата сакаше да биде транспарентна и обезбеди 3 понуди.

Советот на Агенцијата даде одобрување директорот на Агенцијата да донесе одлука за набавка на услугата: Градежни-занатски работи за санација во објектот во кој е сместена Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги во Скопје, со проценета вредност под вредносните прагови за примена на Законот за јавните набавки, која нема да надмине износ од 58.000,00 денари без пресметан ДДВ.

За реализирање на горенаведената услуга средствата се обезбедени со Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2023-та година.

**Точка 11**

**Разно**

Немаше дискусија под Разно.

**Бр.** 02-1946/10

19.05 **2023 година**
**С к о п ј е**

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**